Бр. 12-2463/4
06.06.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, член 23 став 1 и член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2463/1 од 17.04.2019 година, од причина што во овој предмет постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2463/1 од 17.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2463/1 од 17.04.2019 година е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, врз основа на објави во медиуми во кои е наведено дека „не престануваат злоупотребите и поистоветувањето на државата со партијата и дека порталот Економски Лидер, по доставени фотографии од читатели, објавил информација со фотографии од раководителот на секторот за хортикултура во ЈП "Водовод и Канализација"Скопје, Јово Темелковски, со која маица, Темелковски во неделата бил и на митингот на СДСМ." Државната комисија за спречување на корупцијата, по проучување на наводите од објавеното во медиумите утврди дека постои сомневање за прекршување на член 8-б став 1 од Изборниот законик и на членот 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По отворањето на предметот со архивски број 12-2463/1 од 17.0.42019 година на седница на ДКСК, до ДКСК од страна на Јавното претпријатие "Водовод и канализација" Скопје доставен е одговор со прилог Записник од сослушувањето на работникот Јово Темелкоски распреден на работно место Раководителот на службата за хортикултура во ова јавно претпријатие, во врска со носењето на облека со партиски симболи на работно место. Тој истакнал дека облекување на маицата го направил за лично задоволство и истата не била користена за пропаганда и притисок на било кој вработен. Тој изјавил дека по завршување на работното место на ден 14.04.2019 година присуствувал на закажаниот митинг на претседателски кандидат. Од страна на Јавното претпријатие е доставено известување дека против ова лице поведена е постапка за утврдување на одговорност поради кршење на работниот ред и работната дисциплина од страна на овој работник.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и дополнително доставените податоци и документи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите за прекршување на членот 8-б од Изборниот законик се основани и дека


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

надлежната државна институција – Јавното претпријатие "Водовод и канализација"- Скопје каде е вработено ова лице, постапила во конкретниот случај и презела законски активности и мерки преку поведување постапка за утврдување на одговорност поради кршење на работниот ред и работната дисциплина на работникот Јово Темелкоски, распреден на работно место Раководител на Секторот за хортикултура за спомenатото негово поведение.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk